Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 89/22; 274/22; 208/24 и 193/25), Советот на Општина Центар-Скопје на седмата седница, одржана на 24.4.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**„Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

1. Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје се состои од 5 члена.

2. За членови на Управниот одбор се именуваат:

   - Маја Зрмановска
   - Оливер Тоновски
   - Александар Писинов
   - Дарко Конески
   - Никола Савовски

3. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години.

4. Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје и до Градоначалникот.

5. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-2698/46
24.4.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска